**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

# П Р О Г Р А М А

за работа во периодот 2023–2026 година
на функцијата РЕКТОР на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
во Скопје

од проф. д-р Ратко Дуев, кандидат за ректор

*„Nam concordia parvae res crescunt,*
*discordia maximae dilabuntur.“*
*„Имено во слога и малите нешта растат,*
*во неслога и најголемите се распаѓаат.“*

мај, 2023

# СОДРЖИНА

I. ПРИОРИТЕТИ ........................................................................... 4

II. ВОВЕД ................................................................................... 5

III. ЦЕЛИ ..................................................................................... 7

IV. ФИНАНСИИ ............................................................................ 9

4.1. Капитални инвестиции ...................................................... 11

4.2. Зголемување на финансиите од интернационализација на наставата ..................................................................... 11

4.3. Апликативна дејност ......................................................... 11

4.4. Подобрено надворешно финансирање за истражувања базирано врз проекти..................................................... 12

4.5. Уписна политика .............................................................. 13

4.6. Зголемување на примањата на вработените на Универзитетот ................................................................. 14

4.7. Кампања за подигање на општествената одговорност и донации ........................................................................... 14

V. ПРОСТОР И ОПРЕМА............................................................ 16

5.1. Капитални инвестиции за градежни работи ................... 16

5.2. Капитални инвестиции за опрема и училишен мебел .... 17

5.3. Капитални инвестиции за изградба на нови објекти....... 17

5.4. Финансиска поддршка за уредување на просторот со пристапност за студентите со попреченост .................. 17

5.5. Реновирање и користење на Лекторската зграда.......................................................................... 18

5.6. Студентски паркови .......................................................... 18

VI. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ.................................... 19

6.1. Библиотеки ........................................................................ 19

6.2. Научноистражувачки проекти.......................................... 20

6.3. Меѓународни собири ........................................................ 20

6.4. Објавување во меѓународни списанија со импакт-фактор ........................................................................ 20

6.5. Издавачка дејност ........................................................ 21

6.6. Центар за напредни интердисциплинарни истражувања (ЦеННИс) ..................................................... 21

VII. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ................................................ 22

7.1. Поддршка на заеднички студиски програми на Универзитетот ................................................................ 22

7.2. Примена на информатички технологии во наставата..... 22

7.3. Практична настава за студентите.................................... 22

7.4. Воведување нови студиски програми во соработка со Центарот за кариера ........................................................ 23

7.5. Поттикнување јавни расправи за подигнување на квалитетот на наставата ................................................ 23

7.6. Современи нагледни средства, помагала и дидактички материјали за наставата ................................................ 23

VIII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА........................................................ 24

8.1. Програми за мобилност на наставен кадар и студенти... 24

8.2. Интернационализација на наставниот процес ............... 24

8.3. Јавни предавања на еминентни светски професори ....... 25

8.4. Меѓународен билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........................................................ 25

IX. НАСТАВЕН КАДАР ......................................................................... 26

X. АДМИНИСТРАТИВЕН И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ КАДАР................ 28

XI. ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ.......................................................... 30

XII. ЗАВРШЕН ЗБОР ............................................................................ 32

# I. ПРИОРИТЕТИ

- Привлекување и стипендирање на најдобрите средношколци за студирање на УКИМ
- Капитални инвестиции за градежни работи и опрема
- Ревидирање на распределбата на износот од 5% од приходот на меѓународните проекти наменет за администрирање од страна на ректоратот во соработка со ректорската управа и сенатот на УКИМ
- Обезбедувањето административна поддршка за аплицирање на проекти и обуки за подготвка на голем дел од наставниците самостојно да можат аплицираат на разни програми
- Кампања за подигање на општествената одговорност и донации
- Поврзување со стопанството за заедничко креирање на студиски програми и создавање на кадар подготвен за потребите на компаниите
- Електронски библиотеки на научни публикации
- Унапредување на иновациите во научно-истражувачкта работа на УКИМ
- Зголемување на предвидените средства за стимулација на наставниците за изработка на програми на англиски јазик и административна поддршка при изготвување и акредитација на програмите
- Зголемување на интернационализацијата на УКИМ
- Барање решенија за итно вработување на нови наставници и соработници
- Подобрување на инфраструктурата за студентите со попреченост
- Зголемена поддршка на спортски и културни активности на студентите

## II. ВОВЕД

*„Ректор на УКИМ, наместо ректор на ректоратот!“*

Развојот на образованието во нашата држава во изминатите 74 години е најдиректно поврзано со развојот и работењето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Универзитетот е големо семејство од над 150.000 дипломирани студенти, магистри, доктори на науки, околу 38.000 тековни студенти и голем број на поранешни и сегашни професори и вработени во службите. Ретко која држава може да се гордее дека за 10 г., од основањето на УКИМ во 1949 и формирањето на факултетите до 1956 г. заокружил создавање на универзитет со сите научни области. Со голема посветеност, професорите во тешки околности успеале да ја изградат клучната државотворна институција. Следат основањето на МАНУ, основањето на многубројни институции на државата, образување кадар за сите степени на образование, институциите и стопанството. Иако живееме во ново време, и денес неговата мисија е иста. Затоа да се биде ректор на најстариот универзитет во Македонија е голема обврска, предизвик да се одговори на проблемите во високото образование причинети од промените кои ги носи новото време врз нашето општество, особено последиците од пандемијата, војната во Укранина и големата економска криза. Но, Универзитетот минал низ многу поголеми предизвици во своето осум децениско постоење: војни, кризи, епидемии, земјотреси, поплави и секогаш успевал да продолжи со својата вековна мисија да создава кадри и да ја унапредува науката. Со мудрост, разбирање, макотрпна работа и со примена на новите технологии, заедно со нашите студенти, верувам дека може да ги надминеме проблемите, а и да му помогнеме на нашето општество да се справи со нив.

Во изминатите три децении Универзитетот постепено ја губеше финансиската и кадровската автономија. Честите измени на Законот за високо образование го парализираа работењето на Универзитетот. Најголем дел од активностите на единиците на УКИМ беа насочени кон анализи, расправи, измени и донесување на правни акти неопходни за нивното секојдневното работење. Остварени беа голем број средби со претставници на министерствата за да се решат големиот број недоречености и противречности во начинот на финансирање на Универзитетот и застарениот модел на распределба на буџетските средства за плати на вработените. Но состојбите во високото образование не се променија. Ниските примања на наставниците, соработниците и вработените во администрацијата ги направија работните места непожелни за младите лица. Дотраените згради, застарената научна инфраструктура, условите за студентите, придонесе голем број од матурантите да бараат своето студирање да го започнат на странски универзитети. Парадоксално дури 80% од вкупниот буџет за наука во држава (скромни 0.1

%) се издвојува за стипендии за студирање на престижни светски универзитети. Иако УКИМ е најголемиот универзитет во државата тој процентуално добива најмалку капитални инвестиции за градежни работи и опрема.

Падот на наталитетот и масовните миграции на населението предизвика значително намалување на финансиите од партиципација за студирање до 35%. Сепак преку зголемување на проектните активности, апликативната дејност, донациите и средства од буџетот за капитални инвестиции, единиците на УКИМ, секоја на свој начин, се труди да обезбеди финансии за реализација на планираните активности, како и за големи инфраструктурни зафати во сопствените згради. Но, неодобрувањето на бараните финансиски планови, Законот за трансформација на работно место, неможноста да се ангажира најголемиот човечки потенцијал на Универзитетот – студентите, долгите процедури за регистрација на меѓународните проекти, доцнењето со реализација на меѓународните проекти заради административни пречки, недостатокот од административен кадар, во голема мера го отежнуваат работењето и на овој план.

Како декан на Филозофскиот факултет, во изминатиот период можев да ги согледам сите проблеми во функционирањето на Универзитетот, но и начинот на решавање на голем дел од нив. Можев да го согледам и севкупниот човечки потенцијал што има големи можности за развој на Универзитетот. Одлуката да ја побарам вашата доверба за ректор е заснована врз вербата во способностите на вработените на Универзитетот. Програмата е резултат на моето досегашно искуство. Околностите во кои живееме и работиме бараат голем напор и големи залагања за да се надминат проблемите, особено да се реализираат решенијата предложени во програмата што ќе доведат до подобрувања во повеќе сфери за непречен развој и функционирање на Универзитетот.

Долгогодишното искуство ми дава право врз основа на реалните можности, и човечките потенцијали, да предложам програма со чија реализација, и со помош на сите вработени, ќе се обезбеди поголем развој на Универзитетот во наредниот тригодишен период, едноставно **ректоратот да не биде независна и одвоена единица од факултетите и институтите, туку нивен помагател и поддржувач во сите нивни научни, наставни и проектни активности**.

# III. ЦЕЛИ

*„Квалитетот е одговорност на сите."*

Главни цели за наредниот период се:

1. **Обезбедување квалитетно образование**
2. **Интернационализација и пристап до глобалниот пазар на знаење**

- Понуда на студиски програми базирани врз истражувања кои ќе им овозможат на студентите да стекнат солидни компетенции и да се промовираат себе си во високо-квалитетен кадар. Генерално, наша работа е да произведуваме квалитетни дипломирани студенти за пазарот на труд и високосвесни граѓани на глобално ниво.
- Стремеж Универзитетот да биде меѓу најдобрите во светот за доброто на општеството во целина, а тоа бара континуирано да се фокусираме на привлекување и задржување на најдобриот академски кадар. Тоа е нашиот билет за глобалниот пазар на знаење.
- Засилено работење на подготвување на апликации за престижните истражувачки грантови и постигнување успех.
- Универзитетот да поседува модерна и атрактивна инфраструктура која ќе овозможи квалитетна средина за учење и истражување.
- Реализација на целосна дигитализација на Универзитетот и зајакнување на дигиталните вештини на кадарот и студентите.
- Продукцијата на квалитетни кадри и секојдневно водење на кампањи во јавноста со што Универзитетот ќе стане атрактивна дестинација за идните студенти.
- Привлекување на странски студенти со што нашите дипломи ќе станат повеќе ценети надвор од нашата земја.
- Етаблирање на системот за професионално усовршување, не само на наставниот кадар, туку и на сите служби за поддршка со што би добиле поголем квалитет во поддршката на наставата и истражувањата.
- Негување и проширување на врските меѓу образованието, истражувањата и пазарот на труд.
- Засилено работење на привлекување, развивање и задржување на академските таленти.
- Грижа за националните институти и катедри и студиски програми кои ја афирмираат македонската култура, историја, јазик и книжевност.

За тие цели Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" треба да поседува:

- дефинирана институционална политика за обезбедување квалитет која е јавно достапна и претставува дел од неговото стратешко управување;
- внатрешното обезбедување на квалитет кое е прифатено како составен дел од секојдневната работа;

- внатрешното обезбедување на квалитет кое обезбедува поддршка на континуираниот развој на Универзитетот во согласност со неговата мисија;
- систем за собирање на информации, нивна анализа и користење за донесување на одлуки;
- систем за внатрешното обезбедување на квалитет кој е целисходен и ефикасен;
- побрзи и поквалитетни механизми и постапки за изработка и одобрување на студиските програми;
- развиен механизам кој гарантира дека програмите се спроведени на начин кој му обезбедува на студентот да земе активно учество во креирањето на процесот на учење и дека вреднувањето на студентите го отсликува овој процес;
- универзитетот треба доследно да ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите;
- треба перманентно да се обезбедуваат адекватни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите;
- да се засили транспарентноста во работењето т.е. објавувањето на податоците за својата работа како и за студиските програми кои се спроведуваат;
- да се воспостави практика за редовно следење и ревидирање на нашите студиски програми со што би се осигурале дека тие ги постигнуваат поставените цели и ги исполнуваат потребите на студентите и општеството;
- да се воспостави практика за периодично надворешно обезбедување квалитет, во согласност со Европските стандардите и насоки.

# IV. ФИНАНСИИ

*„Финансиската слобода е помалку значајна за финансиите,*
*а повеќе за слободата."*

Без финансиска автономија нема вистинска автономија на универзитетите. За жал, секоја година доделувањето средства од буџетот не се заснова врз објективни и транспаренти критериуми за распределба на ресурсите на јавните универзитети. Висината на јавните пари што секој универзитет ги добива зависи од способноста на секој универзитет и способноста на ректорот да преговара со министерствата за образование и финансии.[1] **Така во буџетот за 2023 г. за УКИМ се предвидени 27.3 милиони денари за капитални инвестиции (1.5% од вкупниот буџет што универзитетот го добива од МОН), а на пример дури 170 милиони за Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје (што претставува 57% од вкупниот буџет што универзитетот го добива од МОН**). Ако ги споредиме двата универзитети, во учебната 2021/2022 г., на УКИМ студирале 22.189 активни студенти, а на Универзитетот „Мајка Тереза" вкупно 1.295 студенти.[2] Со оглед на староста на објектите и инфраструктурните проблеми на единиците на УКИМ, потребата од современа научна инфраструктура наспроти бројот на вработени и бројот на активни студенти заклучокот е јасен. Ректоратот мора да настојува ваквиот соодност да се промени!

Приливот на средства на единиците на УКИМ главно доаѓа од студентите на сите три циклуси, што е околу 85 % од вкупните финансии со одредена разлика во зависност од нивната дејност. Поради падот на наталитетот и засилената миграција на населението во наредните години ќе следи намалување на финансиите од партиципација и школарина. За споредба: во учебната 2011/2012 година 25.758 ученици завршиле средно училиште, а во 2022/23 на почетокот на учебната година се запишани 16.519 ученици во IV година.[3] Ако земеме предвид дека дел од учениците нема да положат државна матура или нема да го продолжат своето образование, бројот на потенцијални студенти ќе биде помал. Во академската 2021/2022 вкупно во прва година се запишале 13.434 студенти на сите јавни и приватни универзитети во државата, од кои 5.345 студенти на УКИМ.[4] Главен проблем околу обезбедувањето финансии и напорите на единиците на Универзитетот во прегово-

---

[1] J. Salmi, *Proposal for a new funding model for the Macedonian universities*, (Prepared for the Macedonian Ministry of Education and Science), 26 February 2019, p. 7.

[2] Извор Државен завод за статистика: *СООПШТЕНИЕ - Запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Северна Македонија во академската 2021/2022 година (прв циклус на студии)*, 6. VII 2022 г. Број: 2.1.22.28.

[3] Извор Државен завод за статистика.

[4] Во овие бројки нема статистика за студентите кои прекинале студии на одредена студиска програма и повторно започнале да студираат на друга студиска програма на друга високообразовна институција, а завршле средно образование во претходните години.

рите со ресорните министерства да обезбедат дополнителни средства е управувањето со приходите на ректоратот по сите основи. Увидот на сметките (788) од сопствените средства на единиците и ректоратот од Министерството за финансии на единиците, покажува голем износ, особено во месецот февруари кога е најголемиот прилив од партиципација и школарина, без да се направи споредба со крајот на месец август кога започнува наредниот прилив на средства. Забуната се должи од непознавање на функционирањето на УКИМ, бројот на вработени и активни студенти, бидејќи тие средства единиците ги користат за плати, исплати по договори на дело, набавка на опрема, тековно одржување на опремата и објектите, канцелариски материјали, мобилност на наставниците и студентите, организација на меѓународни конференци, јубилеи итн., до крајот на месецот август. **Во завршната сметка на ректоратот за 2022 и 2023 г. може да се забележи дека на сметката 788-18, а и во претходната година, се префлаат околу 2.26 односно 2.32 милиони евра за наредната година.** Ваквиот биланс го наведува секој министер за финансии дека УКИМ има сопствени средства за капитални инвестиции, што ги оневозможува единиците да дојдат до поголеми финансии.

Позитивно е што со новиот Закон за високо образование комуналиите ги плаќа МОН, како и минат труд на вработените, со што во одреден обем ги намали проблемите на единиците со падот на финансиите во последните години. Сепак, приходите на вработените на УКИМ се релативно ниски во однос на степенот на работните задачи и обврските што ги носи високото образование, особено научната дејност, според сите анализи најниски во регионот.

**Приходите на ректоратот по сите основи мора да бидат во функција на подобрување на наставната и научната инфраструктура и административна поддршка на активностите на сите единици на УКИМ**.

За зголемување на приходите на Универзитетот и вработените, ги предлагам следниве мерки на кои интензивно ќе се работи во претстојниот период:

### 4.1. Капитални инвестиции

- правично вложување на акумулираните средства на сметките од ректоратот за градежни зафати и набавка на современа опрема и материјали за настава и научноистажувачка дејност според ургентните потреби на единиците;
- зголемување на средствата од буџетот за капитални инвестиции и нивна правична распределба меѓу единиците;
- во новата *Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на УКИМ (2023-2026 г.)* акцентот ќе биде ставен на повеќе пари за проекти и истражување, а поголем дел од средствата

ќе бидат вратени назад на единиците за организација на конференции и мобилност на наставниците.[5]

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 4.2. Зголемување на финансиите од интернационализација на наставата

Во последните три години особено е зголемен интересот за студирање на докторски студии од соседните земји. Ректоратот има финансиски фонд за стимулирање на изработка и акредитација на ваквите програми. Воведување студиски програми на англиски јазик на сите три циклуси ќе ја зголеми понудата на студиски програми за потенцијални студенти од регионот и на многубројните странски државјани кои со своите семејства поради работни обврски се со привремен престој во нашата земја. За таа цел ќе се работи на:

- зголемување на предвидените средства за стимулација на наставниците за изработка на програми на англиски јазик;
- административна поддршка при изготвување и акредитација на програмите;
- надминување, во соработка со МОН, на законските пречки и долгата процедура за упис на странски студенти.

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 4.3. Апликативна дејност

Анализата на буџетите на универзитетите во регионот и во Европа укажуваат дека речиси 40% од финансиите ги обезбедуваат од програми за обуки и професионално усовршување. Универзитетот и во иднина ќе обезбедува поддршка на активностите за соработка со бизнис-секторот, локалната самоуправа, јавните претпријатија, ресорните министерства за усогласување на активностите со законските прописи и нивно промовирање.

Начини на реализација на оваа програмска активност се:

- поддршка на **јавно приватно партнество**, за ползување на менаџерското искуство на приватниот сектор и олеснување при организација и реализација на одредени истражувања;
- поддршка на единиците за **акредитација на програми за обуки и лиценцирање;**
- **административна поддршка за реализација на активностите;**

[5] Според Програмата за финансирање на интегративните функции (*Универзитетски гласник* бр. 535, 2021) во т. 9 „капитални трошоци“ се предвидени 12% од вкупните средства. Според Завршните сметки за 2021 се одвоени само 310.000 денари, а за 2022 – 0 денари. Целта е да се намали користењето на средствата за потребите на ректоратот. На пример нема да се одвојуваат средства за Конгресниот центар од интегративните функции, туку од другите приходи на ректоратот.

- **континуирана промоција на активностите** на веб-страницата на Универзитетот, социјалните мрежи и специјализирани написи и гостувања во медиумите за да се обезбеди поголема информираност на бизнис-секторот и на пошироката јавност за можностите и ползата од нив.

  **Реализација: 2023-2026 г.**

### 4.4. Подобрено надворешното финансирање за истражувања базирано врз проекти

Меѓународните научноистражувачки проекти се многу важен сегмент за обезбедување на финансии за единиците. Особено е важно што во голем дел од проектите се вклучени опремување на лаборатории, училници со информатичка опрема и други наставни помагала што ќе придонесат за осовременување на научната и наставната единиците, а од друга страна и заштеда на сопствените средства за набавка на таков вид опрема. Во извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2021 г., една од главните забелешки е што во тековната година се искористени само 10 % од фондовите на програмата Хоризонти 2020.

За користење на универзитетскиот број за аплицирање, **5 % од средствата** од секој проект се земаат за администрирање и стручна помош од ректоратот. **Само во изминатата година на збирната сметка на проектите на ректоратот легнале околу 2 милиони евра, од кои околу 1.8 милиони евра се трансферирани до единиците кои ги водат проектите како главни координатори, а 100.000 евра се распределуваат како хонорари за администрирање во ректоратот.** Долгогодишниот проблем е што овие средства не се користат за подобрување на дигиталната инфраструктура на УКИМ, набавка на пристапи за бази за научни списанија итн., туку се распределуваат само за хонорари. Од друга страна, како услуга единиците не добиваат секогаш соодветна административна помош при реализацијата на проектите. Поради доцнење на исплатите и немање финасиски план многу често се усложнува реализацијата на проектните активности што го намалува угледот кај странските партнери и можноста за идна соработка. Деканите, директорите со службите на единиците самостојно се обидуваат да ги премостат пречките со дополнителни состаноци со Секретаријатот за европски прашања, Управата за јавни приходи и Министерството за финансии. Неопходно е формирање и кадровско екипирање на Канцеларија за координирање на истражувањата за оваа намена. За подобрување на условите и стимулирање на единиците за аплицирање на проекти ќе се работи на:

- **Ревидирање на распределбата на 5%** во соработка со ректорската управа и сенатот на УКИМ. Враќање на средствата на единиците и

нивно користење со дефинирање на нивната намена за набавка на опрема за настава, научноистражувачка работа или електронски библиотеки на пунликации, е-платформи и сл.

- Обезбедување на административна поддршка за аплицирање на проекти.
- Редовни обуки за подготвка на голем дел од наставниците самостојно да можат аплицираат на разни програми.
- Поттикнување на „double and joint degree" програми со европски и партнерски институции.

Целта на овие мерки, преку Одделението за меѓународна соработка на УКИМ, е поврзување со партнерски институции, особено со универзитетите со кои УКИМ има склучено билатерални договори за соработка, олеснување во администрирањето на проектите и наменско трошење на средствата. Фокусот ќе биде аплицирање на Еразмус+, ЦЕЕПУС, Хоризонт 2020 програмите, со цел да се зголеми процентот на искористување на средствата од европските фондови.

**Реализација: 2023 г.**

## 4.5. Уписна политика

Како што напоменав, околу 85% од приходите на единиците на сопствените сметки доаѓаат од партиципацијата и школарините на студентите, со тоа и обемот на 3% за интегративните функции на Универзитетот. Преку подигање на квалитетот на студирањето, просторните и кадровските можности, отворање студиски програми за студенти надвор од нашата земја (*в.* погоре) континуирано треба да се работи на зголемување на бројот на квалитетни студенти на студиските програми. Дополнителни мерки што ќе бидат преземени во наредниот период се:

- Зајакнување на **Центарот за кариера,** како основа за посредување меѓу студентите и работодавачите, и поврзаност на студентите и Универзитетот. Целта е преку информации за можноста за вработување, извршување практична настава, одржување настани, студентите да воспостават комуникација со нивните идни потенцијални работодавци како можност за вработување. Идејата е Центарот да прерасне и во студентската опсерваторија како алумни, преку која Универзитетот ќе го следи напредувањето на студентите по дипломирањето.

- Интезивно **промовирање** на активностите на Универзитетот со однапред подготвена агенда на настани, трибини, собири, промоции, дебати на актуелни теми во медиумите, на веб-страницата на Универзитетот, на социјалните мрежи и портали за јавноста да биде постојано информирана за обемната научна, наставна и апликативна дејност.
- **Вклучување на студенти преку ССУКИМ**, особено на постдипломци и докторанди во истражувачки проекти предвидени со развојот на апликативната дејност за одреден финасиски надомест, еден вид самофинансирање на школарината за студирање, што би довело до зголемување на интересот за студирање на студиските програми на единиците.

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 4.6. Зголемување на примањата на вработените на Универзитетот

Приходите и платите на професорите и вработените во администрацијата останува најголем проблем во нашето општество. Ниските плати и намалувањето на дополнителните примања, потребата од постојано инвестирање во сопствениот професионалниот развој во голема мера го отежнуваат работењето на Универзитетот. Во останатите степени на образованието, од 2006 г. до 2022 г. платите на вработените беа покачени за 85%, а во високото образование за наставниот кадар 27% и 12% за админстрацијата. Во изминатиот период беа одржани многу состаноци со претставници од Владата за надминување на проблемите во финансирањето на високото образование. Синдикалните организации направија чекор кон решавање на овој проблем, но сè уште проблемите со финансирање не се решени. Ниските примања ги направија работните места неатрактивни за нашите талентирани студенти. Голем дел од вработените асистенти и вработени во администрацијата заради повисоки плати преминаа да работат во други институции и компании. Надеж дава потпишаниот колективен договер на Синдикатот на УКИМ кој треба да се применува од 2024 г. **На секој иден ректор приориотет во работата мора да му биде решавање на овој проблем, бидејќи во спротивно Универзитетот ќе се соочи со постепено губење на човечкиот ресурс и негово згаснување**.

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 4.7. Кампања за подигање на општествената одговорност и донации

Високото образование е приоритет во секоја развиена земја. Триаголникот држава – високо образование – заедница е симбол за успешен развој и напредок. Одговорните компании инвестираат огромни финансиски средства во

универзитетите за згради, современа опрема за лаборатории, истражувачки центри, хабови, паркови за висока технологија и сл. Правилното користење на средствата се контролираат преку Одборот за соработка и доверба со јавноста. По примерот на светските универзитети, фондациите „Атанас Близнаков“, „Петар Стаматов“, „Константин Стојанов“ и фондот „26 јули – Франк Манинг“ обезбедуваат стипендии за категории студенти на универзитетот.

Особено улога во оваа кампања ќе има **Центарот за дијаспора** за поврзување со компании и фондации основани или раководени од наши иселеници и преку базата на алумни за привлекување на донатори.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ **Зголемување на приходите на единиците на УКИМ.**
- ✓ **Зголемување на приходите на вработените.**
- ✓ **Подобрување на условите за настава и научна дејност.**

# V. ПРОСТОР И ОПРЕМА

*„Архитектурата е визуелна уметност,*
*а зградите зборуваат сами за себе.“*

Во последните години главната дебата што се водеше за УКИМ беше неговото рангирање во светски рамки, особено на Шангајската листа. Алгоритмот е сложен, при што нобеловците кои потекнуваат од одреден универзитет носат големи поени. Дали ние можеме да му подариме на светот откритие достојно за Нобелова награда? Како најстар универзитет во нашата земја со згради и објекти стари повеќе од 5 децении, во изминатите четири години, благодарение на капиталните инвестиции од МОН, интегративните средства на УКИМ, како и финансиите обезбедени од донации и од меѓународните проекти се завршија одредени градежни зафати и набавка на опрема за научноистражувачката работа на единиците на УКИМ. Дали условите за научна работа и истражување, опремата во лабораториите на сите единици ги следат светските трендови? Цената на чинење на студирање по студент се разликува од програма до програма. Бројот на наставен и соработнички кадар, зависноста од бројот на запишаните студенти по факултети, специфичноста на одредени програми, немањето средства за материјали, инструменти го усложнува наставниот процес. Застарениот модел на финансирање на високото образование постепено ја урива инфраструктурата на Универзитетот.

Мобилноста на населението, особено на младите во последната деценија, им овозможи да ги споредат условите за студирање во светот со домашните услови. Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство нема сопствена зграда, а има околу 4.200 активни студенти. Факултетот за физичко образование, спорт и здравје и Факултетот за драмски уметности се сместени во бараки, времени објекти монтирани по катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 г. Новата спортска сала во кампусот на ректоратот се распаѓа. За зголемување на бројот на студентите потребни се и пристојни услови во текот на нивното студирање. Голем дел од зградите на институтите и факултетите имаат проблеми со кровните покриви, електричната инсталација, санитарните чворови итн.

Неопходно е во наредниот период фокусот да се стави на реализација на капитални инвестиции, кои ќе овозможат понатамашно уредување на просторот со што ќе се избегнат дополнителните расходи од непредвидени штети и осовременување на опремата за наставна и научноистражувачка работа:

## 5.1. Капитални инвестиции за градежни работи

Фокусот ќе биде ставен на зголемување на финансиите од буџетот за:

- реконструкција на зградите и просториите на единиците;

- изработка на проектна документација и елаборати финансирани од интегративните средства.

Извор на средства: МОН, УКИМ.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## 5.2. Капитални инвестиции за опрема и училишен мебел

Од нејасни причини во последните 15 г. единиците не добиваат финансиски план за набавка на училишен мебел што е неопходен за секоја образовна установа. Со голем проблем се соочуваат единиците за набавка на современа опрема за лабораториите и истражувачките центри, особено уметничките факултети за реализација на наставата поради малите финансии:

- зголемени финансии за набавка на опрема и нивна правична распределба;
- зголемени финансии за набавка на современ училишен мебел;
- зголемени финансии за набавка информатичка опрема;
- зголемени финансии за адаптација на предавални и амфитеатри за е-настава и далечинско учење.

Извор на средства: МОН, УКИМ, донации.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## 5.3. Капитални инвестиции за изградба на нови објекти

Условите во кои функционираат голем дел од единиците се далеку од било какви стандарди. Приоритети ќе бидат:

- барање решение и доградба на зградите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје;
- решение за институтите и Факултетот за драмски уметности сместени во дотраени бараки.

Извор на средства: МОН, УКИМ, донации.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## 5.4. Финансиска поддршка за уредување на просторот со пристапност за студентите со попреченост

Ректоратот ќе финансира и изработка на проектна документација и елаборати за да им ја олесни на единиците реализацијата на градежните активности.

Извор на средства: МОН, УКИМ, донации.

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 5.5. Реновирање на Лекторската зграда

Зградата е пуштена во употреба во 1979 г. за потребите за сместување на лекторите и нивните семејства вклучени во наставата на Филолошкиот факултет. Објектот се наоѓа во скопската населба Аеродром и располага со 24 стана. Со реновирање ќе се добие објект кои што единиците на УКИМ можат да го користат за сместување на визитинг професори, гости, меѓународни конференции, а и со негово вклучување како објект за сместување на гости преку целата година, да се обезбеди негова оддржливост и дополнителни финансии за Универзитетот.

Извор на средства: МОН, УКИМ, донации.

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 5.6. Студентски паркови

По пример на универзитетите во светот, покрај зградите, кампусите на универзитетот мора да бидат и пријатно место за престој на студентите, како простор каде што тие ќе можат да ги организираат и дел од свите социјални активности и креативни идеи за настани, концерти, претстави итн.

Извор на средства: МОН, УКИМ, донации.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ Полесна реализација на проектните активности и на наставата.
- ✓ Осовремување и квалитетно изведување на наставата.
- ✓ Подобрување на условите за работа на наставниците и на администрацијата.
- ✓ Овозможување на комбинирана настава и далечинско учење.
- ✓ Создавање на модерна и атрактивна инфраструктура која ќе овозможи квалитетна средина за учење и истражување.
- ✓ Уредување на просторот со што ќе се избегнат дополнителните расходи од непредвидени штети.
- ✓ Уредување на просторот со пристапност на сите нивоа и за студентите со попреченост.

# VI. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

*„Сè е теоретски невозможно додека не се направи“.*

Во изминатите години главните напади врз Универзитетот е неговото рангирање на светските листи. Подемот или падот директно е поврзан со научната инфраструктура со која располагаат единиците на УКИМ. Потребно е зголемување на бројот на научно-истражувачки проекти, поголема достапност до електронски библиотеки на научни публикации, научни списанија со импакт фактор, современи лаборатории, алатки за он-лајн истражување што им овозможува на студентите, истражувачите и наставниците на Универзитетот да создадат комплексни истражувања, кои исполнуваат различни потреби.

Во наредниот период ќе се продолжи со активности за подобрување на состојбите согласно сопствените можности и активности за обезбедување финансии од други извори:

## 6.1. Библиотеки

Центар на секој универзитет во светот се библиотеките кои се опремени со големи читални, сметачи, апарати за копирање. Секој студент при уписот добива број и лозинка за да може да ги користи и печатените и дигиталните бази. Библиотеките се основа на образованието. Недостатоци на голем дел од библиотеките на единиците се работата со картони, ниско ниво на дигитализација, немање целосна евиденција на библиотечниот фонд и поврзаност со останатите библиотеките во РМ, недоволна снабденост со нови научни публикации и списанија, ограниченост на просторните можности. За подобрување на состојбата, во наредниот период ќе бидат преземени одредени активности:

- приклучување на сите единици кон електронската мрежа за библиотечни податоци – КОБИС (COBISS) со што ќе се овозможи увид на целокупниот библиотечен фонд на Универзитетот и можност за електронско пребарување;
- континуирано надополнување со научни публикации на Електронската ризница на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, со поддршка на единиците за дигитализација на старите броеви на научни списанија, одбранети докторски и магистерски дисертации и монографии и нивно поставување во ризницата;
- конзервација и заштита на ретка периодика и книжен фонд, особено на ретки и стари книги кои по конзервацијата можат да бидат изложе-

ни во специјални витрини како показ за долгата традиција и значењето на Универзитетот;

- електронски библиотеки на научни публикации, од интегративните функции ќе се обезбеди пристап на сите единици на УКИМ до бази како Cambridge University Publishing, JSTOR, MUSE, ELSEVIER и други според потребите и научните области кои ги покриваат единиците.[6]

Извор на средства: УКИМ.

**Реализација: 2023–2024 г.**

### 6.2. Научноистражувачки проекти

Во наредниот период ќе се преземат одредени чекори за зголемување на можностите за аплицирање на проекти особено во оние кои во своите планови вклучуваат и учество на меѓународни собири и размена (*в. йойиширно* 4.4.). Улогата на ректоратот ќе биде насочена кон олеснување на процедурите за аплицирање, административна помош при аплицирање и реализација на проектите. **Ревидирањето на распределбата на 5%** во соработка со ректорската управа и дополнителна финансиска поддршка за обуки на наставниците и административниот кадар за самостојно да можат да аплицираат на разни програми со цел да се зголеми процентот на искористување на средствата од европските фондови.

### 6.3. Меѓународни собири

Особено значајно за размената на искуствата, стекнување нови сознанија, и афирмација на Универзитетот е организација на научни настани и конференции на дефинирани и современи научни теми:

- финансиска поддршка на единиците за организација на конференции;
- административна поддршка за аплицирање на меѓународни проекти кои во своите планови вклучуваат и учество на меѓународни собири и размена.

Извор на средства: УКИМ.

**Реализација: 2023–2026 г.**

### 6.4. Објавување во меѓународни списанија со импакт-фактор

Финансиската поддршка за наставниците кои ги објавиле своите научни статии во списанија индексирани во WOS или Scopus ќе продолжи бидејќи зголемување на импакт-факторот на секој наставник е факторот на влијание на Универзитетот не само во научата областа на списанија, туку општо во науката и образованието пошироко во Европа и во светот.

[6] Како декан успеав сите наведени е-библиотеки и бази да бидат достапни за научноистражувачката работа на наставниците и студентите на Филозофскиот факултет, така што лесно можат да бидат достапни и до сите единици на УКИМ.

Во наредниот период ќе се зголеми финансиската поддршка за поддршка за објавување на трудови во списанија со импакт фактор.

Извор на средства: УКИМ.

**Реализација: 2023-2024 г.**

### 6.5. Издавачка дејност

Како поддршка на оваа дејност и во изминатите години Универзитетот го помага издавањето на учебници, учебни помагала, монографии и списанија во електронска форма, но без авторски надомест. Во наредниот период ќе се фокусираме на:

- финансирање на е-публикации, кои по објавувањето ќе бидат поставени на е-репозиториумот на УКИМ, а трошоците за издавање, авторски хонорар, лектура и техничко уредување на изданијата ќе бидат на товар на ректоратот;
- финансирање на научни списанија на единиците на Универзитетот;
- административна и финансиска поддршка за уредувачките одбори за индексација на списанијата и здобивање со импакт фактор;
- доделување на дигитални кодови за идентификација (DOI) за научната и академска периодика, за броевите од 2015 година до денес.

Извор на средства: УКИМ.

**Реализација: 2023–2024 г.**

### 6.6 Центар за напредни интердисциплинарни истражувања (ЦеННИс)

- Позасилена работа на Центарот за подобрување на видливоста во научниот простор.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ Зајакнување на научната инфраструктура.
- ✓ Поддршка на професионалниот развој на секој наставник.
- ✓ Зајакнување на научната дејност.
- ✓ Подобрување на местото на УКИМ на ранг листите на univерзитети во светот.
- ✓ Подигнување на квалитетот на наставата.
- ✓ Зголемување на влијанието Универзитетот во науката и образованието во светски рамки.

# VII. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

*„Наставникот влијае на вечноста;*
*тој никогаш нема да каже каде*
*запира неговото влијание“*

Универзитетите примарно постојат за образование на студентите, дејност преку која и оствaруваме право на плата. Но, за квалитетна настава во високото образование се потребни и квалитетни услови за работа, развиена научна дејност на наставниците и солидни примања. Од моето искуство, равенката за успех е *развиена научна дејност = на квалитетна наставна дејност = поголеми финансиски средства.* Развојот на современото високо образование е трансферот, всушност мобилноста и мултидисциплинарноста. Заради финансиските проблеми со кои се соочуваат единиците на Универзитетот, за разлика од минатото се намалија заедничките студиски програми меѓу единците, се исклучија предметни програми од други единици, со што опаѓа квалитетот на студиските програми. Се акредитираат студиски програми според потенцијалот на наставниците на единиците, а не според потребите на студентите да ги стекнат потребните знаења, вештини и компетенции. Потенцијалот на Универзитетот е голем, кој за жал ограничено го користиме.

Фокусот во мандатниот период ќе биде насочен кон:

## 7.1. Поддршка на заеднички студиски програми на Универзитетот

- за да се обезбеди интегрираност ректоратот ќе го финансира ангажирањето на наставниците од нематичните факултети кои учествуваат во реализација на предметни програми на студиските програми на единиците;
- административно и финансиски ќе поддржува акредитација на заеднички мултидисциплинарни студиски програми на Универзитетот.

## 7.2. Примена на информатички технологии во наставата

- Поддршка на единиците за користење на дигитална платформа за е-учење, адаптирана и за студенти со попреченост. Во наредниот период ќе продолжат обуките за наставниците и студентите за користење на платформата за е-учење.
- За користење на платформите за далечинско учење, ректоратот преку капиталните инвестиции (*в. погоре 5.2*) ќе финансира доопремување на предавалните на единиците на Универзитетот за далечинско учење што ќе овозможи полесна реализација на заеднички програми и вклучување на професори од Европа и светот во нашите програми и обратно.

## 7.3. Практична настава за студентите

За обезбедување на потребната практична настава единиците имаат склучено бројни договори.

- Универзитетот ќе продолжи со потпишување на нови договори со приватниот сектор, владини и невладини институции за да се зголеми бројот на компании, институции и организации каде што може да се реализира практичната настава.
- Вмрежување на воспитно-образовните центри за реализација воспитно-образовната практика.

### 7.4. Воведување нови студиски програми во соработка со Центарот за кариера

Ректоратот преку анализа на реалните потреби на приватниот и јавниот сектор, со вклучување стручни лица од овие сектори ќе поттикне и ќе поддржува акредитација на програми кои би создавале кадри што се дефицитарни и потребни на овие сектори. Досегашните постигнати резултати од активностите на единиците реализирани преку јавно приватно партнерство и брзиот развој на општеството се зголемува и интересот на дел од компаниите за заедничко креирање на студиски програми и создавање на кадар за нивни потреби.

### 7.5. Поттикнување јавни расправи за подигнување на квалитетот на наставата

Универзитетот ќе продолжи со финасиска поддршка на дебати, организирање работилници, расправи за состојбите во наставната дејност, за постојано да се работи за нејзино унапредување.

### 7.6. Современи нагледни средства, помагала и дидактички материјали за наставата

Ректоратот финансиски ќе ја поддржува (*в. погоре 5.2*) реализацијата на наставата на единиците на Универзитетот, особено на уметничките факултети кои според спецификите немаат доволно финансии за да ги покријат високите трошоци за реализација на наставата.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ Подобрување на организирањето на наставната дејност.
- ✓ Подигање на квалитетот на наставата.
- ✓ Постепено поврзување преку практиката на студентите со приватниот и јавниот сектор.
- ✓ Целосна дигитализација на наставата и зајакнување на дигиталните вештини на наставниот кадар и студентите.

# VIII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*„Привилегијата на универзитетско образование е голема;*
*колку подалеку се рашири, толку е подобро за секоја земја.“*

Меѓународната соработка е мошне важна за иднината на Универзитетот, бидејќи соработката со странски меѓународни високообразовни институции носи побрз доток на идеи и иновации, размена на позитивни и негативни искуства, напредување во кариерата на наставниците и, што е најважно, афирмација на Универзитетот.

Во мандатниот период приоритетите ќе бидат:

## 8.1. Програми за мобилност на наставен кадар и студенти

Бројот на мобилности кои Универзитетот ги добива веќе подолго време е голем проблем за наставниците и студентите. Во наредниот период ќе се организираат состаноци со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, одделенијата во МОН задолжени за останатите програми за да се надмине овој проблем, бидејќи поради ограничените финансиски можности на единиците, наставниците и студентите немаат можност за учество на меѓународни собири, акдемска размена, работилници итн. Во голема мера за зголемување на мобилноста и меѓународната соработка ќе има и финансиската поддршка на единиците за организација на меѓународни собири (*в. погоре* 6.2) и реализацијта на меѓународни проекти (*в. погоре* 4.4).

- Поголема промоција на програмата Еразмус+ и во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Фокусот ќе биде ставен на административна поддршка за аплицирање на наставниците и на студентите за престој на универзитетите во Европа и зголемување на бројот на билатерални ЕРАЗМУС+ договори за соработка.
- Зголемување на бројот на ЦЕЕПУС мрежи на единиците на Универзитетот.
- За подобра информираност ќе се органираат презентации и поактивен пристап до информации околу можностите што ги нудат овие програми.

## 8.2. Интернационализација на наставниот процес

- Административна, финансиска поддршка и поттикнување на наставници да бидат визитинг-професори за реализирање настава на универзитети и научноистражувачки институции во странство;

- административна и финансиска поддршка на единиците за вклучување на поголем број визитинг-професори од реномирани универзитети од странство да предаваат на студиските програми на единиците на Универзитетот.

### 8.3. Јавни предавања на еминентни светски професори

Ректоратот ќе организира јавни предавања на еминентни светски професори во состав на Докторската школа и според потребите на студиските програми на единиците по нивен предлог.

### 8.4. Меѓународниот билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

По примерот на сите светски универзитети, како гласило за меѓународната активност на сите единици на Универзитетот, секој месец во текот на двата наставни семестра ќе се објавува и електронско издание на Меѓународниот билтен на англиски јазик, што ќе се доставува до сите Универзитети со кои УКИМ има склучено соработка и ќе се поставува на социјалните медиуми и веб страницата на Универзитетот.

**Реализација: 2023–2026 г.**

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ Зајакнување на меѓународната соработка.
- ✓ Зголемена мобилност на наставниците и на студентите.
- ✓ Размена на знаења и искуства за одредени истражувања од други земји.

# IX. НАСТАВЕН КАДАР

*„Тажниот професор е мудар,*
*а среќниот е визионер“*

Развојот на наставната дејност и научната дејност на Универзитетот бара зголемување и на наставниот кадар. Кадровската автономија беше исклучена од новиот Закон за високо образование. Со зголемениот обем на работа и активности на единиците, постојниот наставен кадар, како и администрацијата, имаат поголеми работни обврски. Проблемот се усложнува и со заминување во пензија на професори, при што фунционирањето на некои институти и факултети е доведено во прашање. Просечната старост на наставниот кадар на одредени единици е 57 г. Приоритетни активности во наредниот период се:

- **Барање решенија за итно вработување на нови наставници и соработници**

  Во изминатиот период се организирани многубројни средби на деканите и директорите со официјални лица од МОН и Министерството за финансии за добивање согласнот за вработување на нови наставници и соработници. Индивиудалните напори на единиците не го решија проблемот. Улогата на ректорот и проректорите е токму да ги олеснат процесите на проговарање и да се заложат за решавање на проблемот со наставниот кадар. За таа цел ќе се направи листа на приоритени вработувања по единици и ќе се преземат чекори за постепено надополнување на испразнетите работни места со млад кадар.[7]

- **Ангажирање наставници и стручњаци од практика на единиците на Универзитетот**

  Најголемиот проблем за единиците е ангажирање на надворешни лица за оние студиски програми кај кои е невозможно бројот на часови да се покрие со сопствен наставен кадар, потоа професори во комисија за одбрана на магистерски работи и докторски дисертации, а и студенти за одредени проектни активности. Согласностите понекогаш се чекаат и до 5 месеци, што во голема мера го отежнува работењето на единиците на УКИМ. За таа цел, по примерот на одредени министерства и институции, ќе се достави барање до Министерството за финансии да се добие трајна согласност за

[7] За споредба на Универзитетот во Белград, кој е рангиран меѓу првите 500 на Шангајската листа на универзитети во светот, само на Филозофскиот факултет покрај постојните 255 наставници и соработници, во последните 4 години се вработени 143 млади истражувачи. Секако бројот на вработени кои се вклучени во научноистражувачка работа пропорционално се одразува и на рангирањето на светските листи.

склучување на договор на дело или авторски договор, согласно член 8 и член 9 од Законот за трансформација во редовен работен однос, за ангажирање на наставници од други единици, стручњаци од практика и студенти за наставна и научна дејност и проектни активности. Ректоратот ќе поведе и иницијатива за законски измени за иземање на универзитетите од Законот за трансформација.

- **Квартални состаноци со декани и директори по кампуси.** Редовните состаноци ќе овозможат поблиско запознавање со одредени проблеми со кои се соочуваат наставниците во одредено научно подрачје и обид со заеднички напори тие да се надминат. Градење доверба меѓу ректоратот и наставниците ќе поттикне поактивно вклучување на сиот потенцијал на наставниците во реализација на сите предвидени активности во програмата.

**Реализација: 2023–2024 г.**

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ Непречено одвивање на наставата.
- ✓ Зајакнување на единците со нов наставен кадар.

# X. АДМИНИСТРАТИВЕН И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ КАДАР

*„Успехот е најдобар кога е споделен."*

Најголем проблем е што факултетите и институтите не можат да управуваат со човечките ресурси и да вработуваат според нивните потреби. Развојот на единиците и реализација на сите предвидени активности бара ефикасна и стручна администрација, но и поголем број административни службеници. Исто така и ректоратот има проблем со вработување на административен кадар, така што голем број од одделенијата немаат доволен број вработени што се одразува и на реализацијата на многубројните активности на единиците. Во последно време Министерството за информатичко општество и јавна администрација ги запре измените во систематизација на единиците со што се оневозможува вработените да напредуваат на своите места.

Приоритетни активности за надминување на наведените проблеми во наредниот период се:

- **Финансиска поддршка за континуирано усовршување на администрацијата**

  Ректоратот ќе стимулира учество на обуки и советувања на вработените во администрацијата за разни сегменти од финансиското, правното, библиотечното и образовното работење. Достапност до сите новитети во администрирање на високото образование.

- **Одржување редовни состаноци со раководителите на одделенијата**

  Состаноците се нужни за редовно следење на работењето и лоцирање и решавање на одредени проблеми во работењето на одделенијата.

- **Реорганизација на администрацијата**

  Со порастот на меѓународната активност и проектните активности неопходна е и поголема административна поддршка за реализација на активностите и проектите. Исто така поради зголемениот обем на работа за оддржување на информатичката опрема, мрежата, платформите, ажурирање на веб страницата, организирање на комбинирана и е-настава, промоцијата на социјалните мрежи и медиумите, потребно е ангажирање на повеќе лица.

- **Одделение за инфраструктура и управување со имотот/капацитетите**

Универзитетот располага со голем имот, хотел, така што одржувањето и работењето на објектите е отежнато. Затоа е неопходно екипирање на вакво Одделение за да се оддржува и сочува имотот на УКИМ.

**Реализација: 2023-2026 г.**

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- ✓ Ефикасна администрација.
- ✓ Административна поддршка на целокупните активности на Универзитетот.

# X. ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ

*„Образованието е пасош за иднината,*
*бидејќи утрешниот ден им припаѓа*
*на оние кои се подготвуваат за него денес.“*

Студентите се главниот сегмент во работењето на Универзитетот. Со донесување на новиот Закон за високо образование во 2018 г., Статутот на УКИМ, Статутите на единиците, иако целта на измените беше да се подобри студентското организирање, кусиот мандат на членовите на студентските собранија ги внесоа факултетите во постојано организирање на избори за членови на факултетските студентски собранија, што доведе до опаѓање на интересот на студентите за учество во телата на единиците. Покрај средствата од ИКСА (информатички, културни и спортски активности), во наредниот период ќе се обезбедат дополнителни финансии за да се поттикнат студентите во текот на студирањето да стекнат дополнителни вештини и знаења:

- **Вклучување на студенти во истражувачки проекти**

  Неопходно е студентите од сите циклуси на студирање да бидат вклучени во истражувачки проекти. Преку тоа тие ќе стекнат неопходни иновациски компетенции за работа и преку средства од проектите да се самофинансираат во своето научно и стручно усовршување. Особено преку горенаведените активности за интезивирање на апликативната дејност, Центарот за кариера, ИНОФЕИТ, Акцелераторот итн.

- **Поддршка на студентски списанија**

  За одбележување е излегувањето на студентското списание „Внатрешен патник“ на Студентското собрание на Филозофскиот факултет, печатено со фонтот за дислексија, како и со Брајово писмо и во аудио формат. Во иднина преку ССУКИМ ќе се поттикне покренување на списание на сите студенти на Универзитет, како гласник на нивното време, интереси, проблеми и визија за својата иднина како академски граѓани.

- **Поддршка на студентски проекти**

  Ректоратот ќе бара начини за обезбедување средства за студентски проекти од разни извори, како дополнителна стимулација за воннаставна активност на студентите.

- **Активности за подигање на општествената одговорност**

  Во иднина ќе се зголеми поддршката за реализација на активности за подигање на општествената одговорност.

- **Поддршка на студентите при организација и присуство на студентски конференции**
- **Зголемување на студентската мобилност**
- **Подобрување на инфраструктурата за студентите со попреченост**

  На неколку факултети на УКИМ, во тек е постапка за реконструкција на тоалетите за лица со попреченост, како и пристапност, сигнализација за студенти со оштетен вид. Во наредниот период фокусот ќе биде ставен на: адаптација на веб страниците на универзитетот со пристапни стандарди, подобрување на пристапноста на „I know“ системот, подобрување на Е-репозиториумот со електронски верзии на трудови и други материјали.

- **Студентски сервиси за поддршка на студентите со попреченост**
- **Одбележување на „17 Ноември“ меѓународниот ден на студентите**
- **Поддршка на спортски и културни активности на студентите**

  Универзитетот ќе продолжи финансиски да ги поддржува студентите за организација на Македонски студентски спортски игри, Универзитетска лига и други културни активности.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

✓ Зголемена истражувачка активност на студентите.

✓ Зголемена самоиницијативност.

## X. ЗАВРШЕН ЗБОР

*„ Сами можеме да направиме толку малку,*
*а заедно можеме многу "*

Програмата е изработена врз основа на искуството кое го имам стекнато како декан на Филозофскиот факултет, долгогодишен главен координатор на „Отворен ден на УКИМ", учество во работата на универзитетските тела, во анализи, дебати и дискусии за проблемите со кои се соочуваат наставниците на единиците на Универзитетот при реализација на своите работни обврски, во споредба со работата на универзитетите и високообразовната дејност во европските земји. Делумно во програмата се вклучени и некои решенија за одредени проблеми кои веќе се практикуваат на одделни универзитети во нашата земја и во светот.

Живееме во ново време, оптоварено од кризи во светот, се соочуваме со една нова состојба со која за првпат се соочуваме во текот на нашата кариера. Но нашата мисија останува иста. Универзитетот минал низ многу потешки времиња, како и нашите претходници и нашите генерации имаат знаење и сила да ги надминат сите проблеми со кои се соочуваме.

Програмата е јавен документ кој е отворен за дополнителна дебата, за сугестии и за критики, а истата може да се дополнува со нови идеи кои ќе произлезат од сите наставници вработени на Универзитетот во фазата на нејзина операционализација. Во првата година од мандатот, приоритетно ќе се реализираат голем дел од предвидените активности, а преостанатите во текот на останатиот мандатен период период. Секако, позитивните процеси од минатиот период ќе продолжат да се развиваат. Секаква забелешка, совет, и предлог ќе бидат разгледувани со должна почит.

Како и во минатото, сите заедно ќе продолжиме со нашата благородна мисија, со чување на долгогодишната традиција, како најстар и најдобар Универзитет во нашата држава.

Почитувани колешки и колеги, доколку ја поддржите оваа програма и ме изберете за ректор на Универзитетот на Светите Кирил и Методиј во Скопје, одговорно изјавувам дека со сиот свој интегритет должноста ректор ќе ја извршувам совесно и чесно во интерес на сите наставници, соработници и вработени на факултетите и институтите на УКИМ, секако, во интерес на студентите на сите студиски програми и циклуси на студирање, и секогаш ќе ја штитам автономијата на Универзитетот, угледот и академската слобода.

Скопје, 2. V 2023 год.

Ratko Duev
Digitally signed by Ratko Duev
Date: 2023.05.02 09:14:50 +02'00'

Проф. д-р Ратко Дуев